Архивски број: 08-278/6
01-06-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-278/1 од 31.3.2023 година поднесена од Европски центар за правата на Ромите (ЕЦПР), во име на од Велес, против Министерство за труд и социјална политика на РСМ и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјална заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 1.6.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на социјална заштита сторена од страна на Министерство за труд и социјална политика на РСМ и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-278/1 од 31.3.2023 година, од страна на Европски центар за правата на Ромите (ЕЦПР), во име на Велес, против Министерство за труд и социјална политика на РСМ и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјална заштита.

Во претставката најпрво се истакнува дека засегнатиот граѓанин во чие име и за чиј интерес се поднесува претставката, е Ром кој е роден и живее во Велес. Тој е татко на шест годишно дете, кој е дете со посебни потреби и има потреба од грижа од трето лице, односно е зависен од негата пружена од неговите родители. Имајќи го предвид фактот дека социјалната и економската состојба, како и околностите во кои се наоѓа подносителот се навистина тешки, а притоа истиот во целост ги исполнувал условите предвидени со Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19) и Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.126/19), во претставката е наведено дека има право и му следува одобрување на паричен надоместок за помош и грижа од трето лице. Во врска со ова, се наведува дека подносителот во изминатите години на два наврати поднел барање за остварување на законското право на надоместок за помош и нега од друго лице до надлежната институција, но и двата пати бил одбиван со образложение дека Комисијата надлежна да одлучува по барањата од таков тип немала доволно членови за да одлучува по неговото барање.

Се истакнува дека во оваа ситуација, подносителот е ставен во позиција да трпи штета и да не може да ги оствари своите законски загарантирани права, поради околности за кои нема никаков придонес, ниту вина, односно истиот е ставен во нееднаква позиција споредено со останатите граѓани кои имаат можност да ги остварат своите права пред други исти формирани комисии во други подрачни одделенија и градови.

Понатаму се наведува дека подносителот- како Ром кој се наоѓа во незавидна и тешка социјална состојба, е дискриминиран и оневозможен да му пружи полесен и попристоен стандард на живот на своето дете со посебни потреби, а токму поради стручната комисија која треба да одлучува по неговото барање, а која воопшто не е составена.

Последно, во претставката се истакнува дека не е единствениот граѓанин кој се соочува со ваква ситуација, односно се вели дека многу други припадници на Ромската етничка заедница се соочуваат со истата, при што не можат да ги остварат своите социјални права.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 11.4.2023 година испрати Известување бр. 08-278/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес.

На ден 10.5.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес.

Во одговорот, од Центарот за социјална работа истакнуваат дека врз основа на член 48 од Законот за социјална заштита, право на надоместок за помош и нега од друго лице следува на лица со навршени 26 години, додека во конкретниот случај лицето има 6 години. Исто така, информираат дека при проверка во системот, не е пронајдено барање за надоместок на помош и нега од друго лице за наведеното лице

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, на ден 15.5.2023 година Комисијата испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот, во насока што ќе наведе дали правото на кое се повикува е она предвидено со член 48 од Законот за социјална заштита, односно да прецизира на кое право од Законот се повикува. Дополнително, беше побарано да бидат испратени копии од двете барања кои лицето ги испратил до надлежната институција, како и добиените одговори по истите.

На ден 22.5.2023 година, на електронската пошта на Комисијата пристигна доуредување на претставката. Во доуредувањето, од Европскиот центар за правата на Ромите нè информираше дека разговарал со , но за жал тој не знаел да му даде одговор на кој закон се повикува. Дополнително, тој истакнал дека му било кажано дека нема комисија која би одлучувала за неговото барање, односно дека никогаш не му било дозволено формално да аплицира за таков вид на помош.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација, односно утврди дека не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имено, во конкретниот случај Комисијата не пронајде факти и околности кои упатуваат на тоа дека на подносителот му било попречено остварувањето на право од областа на социјална заштита. Имајќи предвид дека подносителот нема поднесено барање за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, останаа непотврдени наводите за непостапување од страна на Центарот за социјална работа, односно соодветната комисија која требало да одлучува по барањето. Исто така, не беа утврдени ниту факти и околности кои упатуваат на тоа дека подносителот бил спречен да поднесе такво барање. Следствено, Комисијата го ценеше произнесувањето од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес, односно фактот што при непостоење на соодветно барање во системот, Центарот не можел да постапува. Во таа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува подносителот на претставката да поднесе соодветно барање до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес. Доколку по барањето не биде постапувано од страна на Центарот, да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјална заштита од страна на Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес.

Скопје
1.6.2023 година

Комисија за спречување и заштита од Дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Европски центар за правата на Ромите), Скопје
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Велес,